# Оглас за Постар соработник во сектор ревизија

Сакаш своето ревизорско искуство да го надградиш во средина каде што секој проект носи нешто ново? Со нас ќе имаш можност да работиш со различни компании и индустрии, да се соочуваш со реални деловни предизвици и да го примениш своето знаење во пракса.
А најубавиот дел? Ќе бидеш дел од тим што го цени искуството, знаењето и желбата за напредок.

Друштвото за ревизија **РСМ МАКЕДОНИЈА** е дел од RSM International, моќна мрежа на ревизорски, даночни и консултантски експерти со канцеларии низ целиот свет. Со над 40 професионалци подготвени сме да му одговориме на секој предизвик со кој се соочуваат нашите сегашни и идни клиенти и партнери.

**Твоите одговорности ќе вклучуваат:**

- Учество во ревизорски активности и анализи;
- Подготовка и преглед на работна документација;
- Известување за ревизорски наоди;
- Спроведување постапки за тестирање и уверување;
- Надзор и обука на помлади колеги од секторот.

**Потребни квалификации:**

- Завршено високо образование – Економски факултет (насока Сметководство и ревизија ќе се смета за предност);
- Повеќе од 3 години работно искуство во областа на ревизијата;
- Тимски дух, одлични комуникациски вештини и аналитичен пристап;
- Одлично познавање на англиски јазик;
- Одлично познавање на MS Office, особено MS Excel;
- Подготвеност за теренска и канцелариска работа.

**Што нудиме:**

- Менторство и поддршка од искусни професионалци;
- Позитивна, соработувачка и мотивирачка работна средина;
- Можност за професионален развој и напредок;
- Континуирани обуки и усовршување;
- Флексибилно работно време – почеток на работа меѓу 08:00 и 09:00 часот.

Заинтересиран/а си? Испрати ја твојата професионална биографија на: hr@rsm.mk, со назнака „За работно место: Постар соработник во ревизија “.
Само апликациите кои ќе влезат во потесен круг, ќе бидат контактирани.

*Со аплицирање на оваа работна позиција, се согласувате Друштвото да може да ги собира, обработува и чува вашите лични податоци за потребите на процесот на регрутација за цело време додека трае истиот, а по завршувањето на истиот податоците може да се чуваат во базата на податоци на Друштвото за регрутациски потреби согласно законските прописи. Согласноста може да ја повлечете во секое време со доставување на барање за истото на hr@rsm.mk.